Врз основа на челн 56 став 1 точка 14, а во врска со член 63 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување (“Сл.весник на РМ“ бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 и 98/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лекови (“Сл.весник на РМ“ бр.48/2000, 52/2000, 17/2005, 47/2005, 86/2007 и 151/2007) во членот 3 табеларниот дел се менува и гласи:

| Здравствени услуги во примарна здравствена заштита | Партиципација |
|---|---|
| Вадење на млечен заб | 100,00 |
| Вадење на траен заб | 200,00 |
| Тешко вадење на заб | 300,00 |
| Пломбирање на заб со амалгам (нонгама) | 200,00 |
| Пломбирање на заб со композитен материјал (композитна пломба) | 450,00 |
| Пломбирање со двокомпонентна обична бела пломба | 260,00 |
| Ендодонска терапија | 400,00 |
| Останати стоматолошки услуги освен превентивните | 200,00 |
| Прва помош (трепанција-апликација на лек) | 150,00 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство, а ќе се применува од 01.02.2009 година.

**Број: 02 - 25017/15**
**18.12.2008**
**С к о п ј е**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Заменик на претседателот,**
**Фисник Ибраими**